Врз основа на член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 147 став 1) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19 и 153/19), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на 10.02.2021 година го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

**I**

**СЕ ОТПОВИКУВА** одобрението за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентен број 110667 издадено од Агенцијата за електронски комуникации на корисникот **Акционерско друштво за електронски комуникации Македонски Телеком Скопје** со адреса Кеј 13-ти Ноември бр.6 во Скопје, по барање на корисникот.

**II**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

**III**

Ова решение е конечно.

**Образложение**

Агенцијата за електронски комуникации има издадено одобрение за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентен број 110667 на корисникот Акционерско друштво за електронски комуникации Македонски Телеком Скопје со адреса Кеј 13-ти Ноември бр.6 во Скопје.

Корисникот Акционерско друштво за електронски комуникации Македонски Телеком Скопје достави барање од 10.02.2021 година за отповикување на одобрението за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентен број 110667.

Врз основа на горенаведеното, согласно член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 147 став 1) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19 и 153/19), се донесе решение како во диспозитивот.

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
Наш број: УП1 бр.0802-198
Скопје, 11 .02.2021

Изработил: Зоран Билбиловски

Раководител на сектор за радиокомуникации:
Јане Јакимовски

Советник за радиокомуникации и контрола
и мониторинг на радиофреквенции:
Игор Бојаџиев

**Директор,**
**Jeton Akiku**

Доставено до:
- странка
- сектор за радиокомуникации
- сектор за контрола и мониторинг на радиофреквенции
- архива